**20210310462**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 48-а став 8 од Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08, 72/10, 158/11, 119/13, 164/13, 152/15, 193/15, 55/16 и 97/18), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКА ЕВИДЕНЦИЈА НА ОРУЖЈЕТО, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО, ПОПРАВАЊЕТО, ПРОМЕТОТ И ПРЕВОЗОТ НА ОРУЖЈЕТО

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и начинот на водење на електронска евиденција на оружјето, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот за следење на производството, поправањето, прометот и превозот на оружјето.

Член 2

Заради целосно следење на производството, поправањето, прометот и превозот на оружјето, од страна на Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството), се води електронска евиденција на оружјето преку систем за електронска евиденција - Систем за регистрирање и управување со оружје (во натамошниот текст: Системот).

Член 3

Од страна на правните лица кои вршат производство, во Системот се внесуваат следните податоци:

- трговско друштво (фирма, седиште, даночен број и управител),
- број, датум и орган на издавање на одобрението за производство на оружје,
- оружјето што се произведува (категорија, марка, модел, калибар, фабрички број),
- количина на произведено оружје,
- муниција што се произведува (категорија, марка, модел, калибар, производител).

Член 4

Од страна на правните лица кои вршат поправање на оружје, во Системот се внесуваат следните податоци:

- трговско друштво (фирма, седиште, даночен број и управител),
- број, датум и орган на издавање на одобрението за поправање на оружје,
- оружјето што се поправа (категорија, марка, модел, калибар, фабрички број, производител, земја на производство),
- име и презиме, односно седиште на сопственикот на оружјето (физичко или правно лице),
- број и датум на издавање на дозволата за оружје што е предмет на поправка и
- опис на постапката за поправка на оружјето.

Член 5

Од страна на правните лица кои вршат промет и превоз на оружје, во Системот се внесуваат следните податоци:

- трговско друштво ( фирма, седиште, даночен број и управител),
- оружјето (категорија, марка, модел, калибар, фабрички број, производител на оружјето, земја на извоз на оружјето, извозник и датум на увоз на оружјето во Република Северна Македонија),
- купувачот на оружјето (физичко или правно лице и адреса на живеење или седиште),
- продавачот на оружјето (физичко или правно лице),
- одобрението за набавување на оружјето (број и датум) и
- договорот за купопродажба кога оружјето се набавува од физичко лице (број и датум на склучување на договорот).

Член 6

(1) Од страна на правните лица од членовите 13, 14 и 15 од овој правилник, се води Регистар за следење на производството, поправањето, прометот и превозот на оружјето.

(2) Регистарот од ставот (1) на овој член, во Системот се состои од четири делови, и тоа, дел за:

- следење на производство на оружје, делови за оружје и муниција,
- следење на поправање на оружје,
- следење на промет и превоз на оружје, делови за оружје и муниција меѓу магацини и
- следење на промет и превоз на оружје, делови за оружје и муниција на физички и правни лица.

(3) Секој посебен дел од Регистарот од ставот (2) на овој член, најдоцна до крајот на тековната година се печати во хартиена форма, се запечатува и се доставува до надлежната организациска единица во Министерството.

Член 7

Делот од регистарот од член 6 став (2) алинеја 1 од овој правилник, кој се однесува на следење на производство на оружје, делови за оружје и муниција, ги содржи следните рубрики: реден број, податоци за трговското друштво, број датум и орган на издавање на одобрението за производство на оружје, делови за оружје и муниција, податоци за оружјето (категорија, вид, марка, модел, калибар, фабрички број), делови за оружје и муниција што се произведува, количина на произведено оружје, делови за оружје и муниција и забелешка.

Член 8

Делот од регистарот од член 6 став (2) алинеја 2 од овој правилник, кој се однесува на следење на поправање на оружје, ги содржи следните рубрики: реден број, податоци за трговското друштво, број, датум и орган на издавање на одобрението за поправање на оружје, податоци за оружјето што се поправа, податоци за сопственикот на оружјето, податоци за дозволата за оружјето што е предмет на поправка, податоци за постапката за поправка на оружјето, датум на прием за поправка на оружјето, датум на враќање на оружјето и забелешка.

Член 9

Делот од регистарот од член 6 став (2) алинеја 3 од овој правилник, кој се однесува на следење на промет и превоз на оружје, делови за оружје и муниција меѓу магацини, ги содржи следните рубрики: реден број, податоци за трговското друштво - продавач, број,

делови за оружје и муниција, број и датум на одобрение за трансфер – набавување на оружје, делови за оружје и муниција, податоци за оружјето, делови и муниција, производител и земја на извозник, податоци за купувачот на оружјето, датум на извршен превоз и забелешка.

Член 10

Делот од регистарот од член 6 став (2) алинеја 4 од овој правилник, кој се однесува на следење на промет и превоз на оружје, делови за оружје и муниција на физички и правни лица, ги содржи следните рубрики: реден број, податоци за трговското друштво - продавач, број, датум и орган на издавање на одобрението за набавување на оружје, главни делови за оружје и муниција, податоци за оружјето (категорија, вид, марка, модел калибар, фабрички број, производител), податоци за купувачот на оружјето (име и презиме/назив на правно лице, број на лична карта/даночен број, адреса/седиште), датум на продажба и забелешка.

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-8107/1
29 јануари 2021 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.